

## ПРИЗВУКОТ НА INFINITUM - ОТ

Експлораторскиот дух не мирува. Потрагата по новото, потрагата по изразување на моменталното чувство, по ослободување од внатрешните размисли и ставови, трагање по непознатото, недофатливото, желбата да се пренесе, а и да се доживее, барем за миг, светот на соништата, светот на бајките, светот на нашата имагинација, магмата на бесконечноста, бескрајноста, отадевременоста, инфинитум-от не ја напуштаат нескротливата душа на младата сликарка Олгица Антовска.

По неколкугодишно апсорбирање на информации и творечка енергија, таа ќе и се претстави на јавноста со својата втора самостојна изложба под наслов “Infinitum”. Експресионистичкиот, апстрактен израз е флуидниот елемент во трите различни фази, со кои авторката се презентира. Обидот за истовремено присуство на сите сликарски елементи на едно платно е можеби и резултат на појавноста на три различни циклуси кои се надополнуваат. Во првата фаза приматот е фрлен врз структурата, пластичните, обоени аморфни форми кои, условно, излегуваат од атмосферата на сензуалните, лирски измечтаени апстрактни пејзажи. Нагласениот колорит и жестокиот апстрактен израз, со делумна асоцијативност се карактеристиките на вториот циклус, додека третиот е комбинација од претходните два.

Концепциската појдовност, по започнувањето на дијалогот со платното честопати завршува со неизвесност при доаѓањето до завршниот продукт - готовата слика, која во случајот на Олгица Антовска вистински претставува огледало на уметниковата душа, на нејзините емоции, доживеалици, фантазија, желба да се допре недофатливото и невозможното.

Светот на овој мечтател ја смирува немирната душа на секој поединец во ова современие и всадува топлина и призвук на инфинитум-от. Во секој од нас сеуште постои малото дете, фантазијата, илузијата, а ако во овие времиња веќе и заборавивме да ги сонуваме нашите соништа, сликите на Олгица Антовска ќе ни помогнат да ги вратиме изгубените чувства и емоции.

Надежта дека Олгица Антовска ќе продолжи и понатаму несебично да ни ги презентира нејзините дела е искрена, а нејзината сликарско истражувачка природа ветува дека за нас секогаш ќе биде зачуван пристапот кон нејзината поинаква стварност и визија.

Ана Франговска

## THE TINGE OF THE INFINITUM

The exploratory spirit does not rest. The quest for novelty, the quest for expressing the momentary emotion released from the inner thoughts and attitudes; the search for the unknown, unreachable; the desire to transfer and to experience, even just for a moment, the world of dreams, the world of fairytales, the world of our imagination; the magma of eternity, endlessness and timelessness; the infinitum - they all do not leave the tameless soul of the young actress Olgica Antovska.

After a several years of absorbing information and creative energy, she will present herself to the public with her second individual exhibition entitled “Infinitum”. The expressionist, abstract manifestation is the fluid element in all three distinctive phases through which the author is presented. The attempt for a synchronous presence of all artistic elements on a single canvas is, perhaps, the result of the three phases that mutually recompense. In the first phase a primacy is given to the structure, to the plastic, colored, amorphous forms that, actually, emerge from the atmosphere of sensual, lyrically contemplated, abstract landscapes. The emphasized color and intensive abstract expression with a partial association are the characteristics of the second phase, while the third phase is a combination of the previous two.

The conceptual start, after initiating the dialog with the canvas often ends with suspense while approaching the final product – finished painting, which in case of Olgica Antevska truly represents a mirror of the artist’s soul, of her emotions, experiences, fantasy, and a desire to reach for the unreachable and impossible.

The world of this dreamer calms down the restless soul of every individual in this contemporaneousness and embed warmth and a tinge of the infinitum. There is still a small child with fantasy and imagination existing in all of us, and even if we, in times like this, forget to dream our dreams, the paintings of Olgica Antevska will help us to bring back our lost feelings and emotions.

The hope that Olgica Antevska will continue unselfishly to present her works is sincere, and her artistic and explorative nature promises that for us there will always be an access to her different reality and vision.

Ana Frangovska

INFINITUM



"Infinitum", 150x200 cm, 2001









"Смарагдна ливада", 48x135 см., 2002
"Emerald meadow", 48x135 cm., 2002





NFINITUM IN



"Кристален свод", 48x135 см., 2002
"Mystical dome", 48x135 cm., 2002









"Змејот на среќата", 100x70 см., 2001
"The dragon of Fortune",100x70 cm., 2001

**Олгица Антовска**

1971 - Родена во Скопје
1995 - Дипломира на факултетот за ликовни уметности во Скопје, педагошко - сликарски отсек во класата на професорот Рубенс Корубин
од 1997 - Работи како професор во ДСУ "Панче Арсовски" - Скопје
2001 - Станува член на ДЛУМ

тел: ++389 70 599 490
e-mail: o_antovska@yahoo.com

**Olgica Antovska**

1971 - Born in Skopje
1995 - Graduated at Faculty of Fine Arts Skopje in the class of the professor Rubens Korubin
From 1997 - Has been working as a professor at DSU "Pance Arsovski" - Skopje
2001 - Became a member of DLUM

tel: ++389 70 599 490
e-mail: o_antovska@yahoo.com

**Самостојни изложби:**

1996 - Културно информативен центар, Скопје
1998 - Центар за современа уметност, Прилеп

**Групни изложби:**

1993 - 1. Интернационално арт биенале, Културно информативен центар, Скопје
1993 - Младински културен центар, Скопје
1994 - ФЛУ - Демир Капија, Скопје
1994 - Денови на македонската младина, Стразбур
1994 - Младински културен центар, Штип
1995 - Изложба на дипломирани студенти, Дом на АРМ, Скопје
1995 - Меѓународна ликовна колонија, Центар за современа уметност, Прилеп
1995 - Изложба по повод 50 годишнина на ОН, Дом на АРМ, Скопје
1996 - Културно информативен центар, Скопје
1996 - 4. Меѓународно биенале на минијатура, Горњи Милановац
1997 - Изложба од колекцијата на КИЦ, Културно информативен центар, Скопје
1997 - Изложба на ликовни педагози од Македонија, КИЦ, Скопје
1998 - Изложба на ликовни педагози од Македонија, КИЦ, Скопје
1998 - 5. Меѓународно биенале на минијатура, Горњи Милановац
2000 - 6. Меѓународно биенале на минијатура, Горњи Милановац
2000 - Меѓународно биенале на минијатура, Полска

**Solo exhibitions:**

1996 - Culture and Information Center, Skopje
1998 - Contemporary Art Center, Prilep

**Group exhibitions:**

1993 - 1. International Art Bienale, Culture and Information Center, Skopje
1993 - Youthful Culture Center, Skopje
1994 - Faculty of Fine Arts - Demir Kapija, Skopje
1994 - Days of Macedonian Youth, Strazbur
1994 - Youthful Culture Center, Stip
1995 - Exhibition of Graduated Students, ARM, Skopje
1995 - Internationl Art Colony, Center of Contemporary Art, Prilep
1995 - Exhibition dedicate to UN, ARM, Skopje
1996 - Culture and Information Center, Skopje
1996 - 4. International Bienal of Miniature Art, Gornji Milanovac
1997 - Exhibition from KIC collection, Culture and Information Center, Skopje
1997 - Exhibition of Art Pedagogues of Macedonia, Culture and Information Center, Skopje
1998 - Exhibition of Art Pedagogues of Macedonia, Culture and Information Center, Skopje
1998 - 5. International Bienal of Miniature Art, Gornji Milanovac
2000 - 6. International Bienal of Miniature Art, Gornji Milanovac
2000 - International Bienal of Miniature Art, Poland

Корица (насловна страна): "Магливо утро", 48x135 см., 2002

Cover page (front): "Foggy Morning", 48x135 cm., 2002

Корица (задна страна): "Мадона", 100x70 см., 2001

Cover page (back): "Madonna", 100x70 cm., 2001



Посебна благодарност на:
Зоран Спасов, Кристина Миљановска,
семејство Атанасовски
Марија Костовска и Гевин Пројс

Special thanks to:
Zoran Spasov, Kristina Miljanovska,
family Atanasovski
Marija Kostovska and Gavin Preuss

КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Издавач:Културно Информативен Центар Скопје;за издавачот:Љупчо Маленко;текст:Ана Франговска;превод:Анета Мострова Јованова;дизајн:Графички Центар Скопје; печти:Графички Центар Скопје;тираж:500;ИСБН-9989-802-60-2

Publisher:Culture and Information Center Skopje;editor in chief:Ljupco Malenko;text:Ana Frangovska;translation:Aneta Mostrova Jovanova;design:Graphic Center Skopje; print by:Graphic Center Skopje;copies:500;ISBN-9989-802-60-2

ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ
EURO LINIJA
STUDIO ROCK & ROLL
EUROIMPEX
PEUGEOT